**З А П И С Н И К**
**од Сто и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 10 септември 2025 година**

**Скопје, септември 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 10 септември 2025 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:30 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог - одлука за употреба и управување со ресурси од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за заштита и спасување при постоење на кризна состојба поради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија

2. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за употреба и управување со ресурси од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за заштита и спасување при постоење на кризна состојба поради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија.

**Точка 2**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:35 часот.